За потребите на проектот **GROWTH4BLUE** во рамки на ИНТЕРРЕГ ИПА АДРИОН Програмата подржана од Европска Унија и имплементиран од Сојузот на стопански комори**,** врз основа на Договорот за грант, Сојузот на Стопански Комори на Македонија објавува:

# ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ бр. 04/2026

**Предмет на набавка:** Користење на надворешен експерт за маркетинг (промоција на социјални и други медиуми), организација на настани за комуникација на проектните истражувања и резултати со клучните чинители и јавноста, како и подготовка и дисеминација на промотивни материјали.

1. **Општи информации** Сојузот на Стопански Комори на Македонија (ССКМ), како проектен партнер во проектот **GROWTH4BLUE** (ИНТЕРРЕГ ИПА АДРИОН), објавува повик за набавка на интегрирани маркетинг и логистички услуги.

**2. Опис на услугите** Набавката е неделива и ги вклучува следните активности:

- **Дигитален и друг маркетинг:** Промоција на проектните активности и резултати на социјалните мрежи и други медиуми во соработка со Комуникацискиот Офицер на Проектот.

- **Организација на настани:** Целосна логистика за настани наменети за клучните чинители и општата јавност во соработка со Комуникацискиот Офицер на Проектот.

- **Промотивни материјали:** Изработка и дисеминација до 200 печатени промотивни комплети (тетратки, агенди, пенкала, торби; НАПОМЕНА - ССКМ веќе има испечатено соодветна количина на овие репрезентативни материјали) во соработка со Комуникацискиот Офицер на Проектот

- **Исполнување на Главни Индикатори за Перформанс** во рамки на поставените цели во Проектот и согласно Упатствата и Насоките на ССКМ

**3. Квалификациски критериуми** Понудувачот треба да ги исполнува следните услови:

- Високо Образование (магистратура или докторат ќе се сметаат за предност)

- Минимум 10 години релевантно искуство во маркетинг, комуникации, дисеминација на информации спрема јавноста.

- Докажано искуство во организација на настани и водење социјални и останати медиуми (меѓународни проекти, државна управа, и регионална дисеминација на резултати ќе се смета за предност).

- Капацитет за договарање на изработка и испорака на брендирани материјали.

**4. Начин на доставување и рок**

- **Е-пошта:** info@chamber.mk
- **Наслов:** За Повик 04/2026 – проект Growth4Blue (Маркетинг и настани).
- **Документ за достава:** Кратка биографија на понудувачот со назначување на три референци (Име и Презиме, Институција, телефон и емаил)
- **Краен рок:** 21-ви февруари 2025 година до 12:00 часот.

**5. Период на спроведување, цена и исплата**

**Период**

Потребно е да се испорачаат услугите по барање на нарачателот во период од месец Март 2026 заклучно со месец Август 2027 година.

**Цена**

Цената е договорна, согласно искуството на понудувачот, а минималната понудена цена не треба да биде под 10.000,00 мкд месечно (бруто износ со вклучен персонален данок).

**Плаќање**

Исплатата се врши квартално, (во некои случаи можно е и месечно - поради печатење на материјали и трошок кој треба да се плати за истото) по доставен Извештај.

**6. Формат на документи за завршената работа**

**-** Периодичен наративен извештај (квартален) во кој се вклучени информации за број на објави, медиуми каде е објавена веста, број на достигнати посетители, импакт на активностите и слично. Форматот на известување дополнително ќе се достави, согласно инструкциите на Водечкиот Партнер и ССКМ.

**7. Начин на доставување на понудите**

Понудите треба да се испратат на е-мејл адресата: info@chamber.mk со наслов на е-мејл пораката: За Повик 04/2026 – проект Growth4Blue. Краен рок на доставување на понудите е до **20-ти Февруари 2026 година до 16 часот**.

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

Сите дополнителни појаснувања може да се добијат преку адресата на е-поштата на ССКМ на info@chamber.mk или најдоцна до 19ти Февруари (Четврток) 2026 година.

**Рок на важност на понудата**: најмалку 15 дена. Во случај кога понудувачот е одбран, истиот се обврзува да ги задржи понудените цени за времетраењето на кое се однесува предметната набавка.

**8. Модел на евалуација**

Евалуацијата на понудите ја вршат три члена од Проектниот тим на Проектот Growth4BLue кои ќе направат избор на најсоодветниот кандидат по следните критериуми:

- Образование: 40 поени
- Искуство: 50 поени
- Понудена цена: 10 поени
- **ВКУПНО 100 поени**

**Драган Пехчевски**

**Проектен Менаџер на Проектот Growth4Blue**

**Сојуз на Стопански Комори Македонија**